


Од Центарот за јавно здравје – Кочани информираат дека по извршените анализи на земените примероци од водите за пиење во Општина Делчево добиени се следните резултати:

Хемиски и бактериолошки неисправни се водата од
- Селскиот водовод и чешмата кај џамијата во с. Град,
- Чешма во с.Стамер,
- Селскиот водовод во с.Разловци,
- Чешма лоцирана кај пустевски ендек.

За овие извори на вода се препорачува водата да се користи како техничка, а за пиење истата да се преврие или да се користи исклучиво флаширана вода.

Исто така според добиените резултати од земените примероци од лабараторииските наоди од Центарот за јавно здравје – Кочани, хемиски и бактериолошки исправни се водите од:
- Градски водовод Делчево,
- Градски водовод Македонска Каменица,
- Чешма кај џамијата во с.Вирче,
- Селскиот водовод во с.Габрово,
- Селскиот водовод во с.Звегор,
- Чешмата кај Фротирка,
- Чешма кај Манастирски комплекс „Св.Богородица Балаклија“

- Чешма во с.Габрово,
- Чешма кај Белчанци

ЈЗУ „Гоце Делчев“ и подрачната единица на Центарот за јавно здравје Кочани и во наредниот период перманентно ќе земаат примероци од изворите на води за пиење во Општина Делчево и за добиените резултати благовремено ќе ја информираат јавноста. Од страна на Општина Делчево и ЈПКД „Брегалница“ се превземаат интензини мерки за санирање на неисправните селски водоводи.